Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 26.04.2020

На 24.04.2020 година од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје постапено е по судска наредба и извршен е претрес на дом и други простории кај лицето Р.Б од Скопје. При претресот во домот пронајдени се: една полиетиленска паковка со амфетамин 4.4 грама, 16 полиетиленски паковања со марихуана со вкупна маса од 486 грама, две дигитални ваги и парични средства. Лицето е лишено од слобода и задржано во Полициска станица, а на 25.04.2020 година по итна постапка поднесена е кривична пријава по член 215 ,,Неовластено производство и пуштање во прометна наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори,, од Кривичниот законик на РСМ за што му е одреден 30 дневен куќен притвор.

На 25.04.2020 година во 15,05 часот дежурен лекар од Медицински Центар Кичево пријавил во Полициска станица Кичево дека на регионалниот пат Кичево-Демир Хисар, во близина на с. Белица, се наоѓа безживотно машко тело паднат од велосипед.На посоченото место починат бил пронајден В.Ѓ. (52) од Кичево.Од страна на доктор од Итна медицинска помош констатирана е смрт без траги на насилство. Увид на лице место извршила увидна екипа на ПС-Кичево, а по Наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 25.04.2020 година околу 12,20 часот на регионалниот пат с.Мамутчево-Велес, се случила сообраќајна незгода во која С. С. (41) од Штип управувајќи моторцикл "кавасаки" со бугарски национални ознаки, изгубил контрола над моторот и излетал надвор од коловозот. По незгодата С. С со возило на Итна медицинска помош е пренесен во Општа болница-Велес, каде му се констатирани тешки телесни повреди, и по укажаната лекарска помош поради сериозноста на повредите е префрлен во Клинички центар Скопје .Увид на лице место извршила увидна екипа на СВР-Велес.

На 25.04.2020 година во 10.45 часот од страна на патрола на Армијата на Северна Република Македонија во близина на ГК 51/14 биле пронајдени пет парчиња, минско експлозивни средства-неексплодирани гранати, кои се видно обележани и обезбедени. За настанот известени се ДОЦ при РЦ за ГР ,,ЈУГ"-Кавадарци и Дирекција за Заштита и Спасување- Струмица за натамошна постапка и подигање на гранатите.

На 25.04. во 13,30 часот на локалниот пат Милениумски крст – Средно Водно, Д.Г. (25) од Скопје управувајќи велосипед "трек" удрил во пешакот Б.Ф. Ш. (65) од Скопје. Б.Ф.Ш. со возило на итна медицинска помош била пренесена во Ургентниот центар при комплексот клиники Мајка Тереза, каде што и биле констатирани тешки телесни повреди, а велосипедистот Д.Г. со друго возило бил пренесен во Градска општа болница ,,Свети Наум Охридски,, – Скопје каде по укажана лекарска помош биле констатирани телесни повреди. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 24.04. во 16,05 часот во Полициска станица Струга, Ф. Ж. (31) од село Велешта, струшко, пријавил дека истиот ден околу 15,15 часот му била загрозена безбедноста од И.Л. од село Радолишта, струшко односно, според пријавителот, тој додека бил заедно со негов роднина на ул. "Партизанска" во Струга, покрај нив во непосредна брзина со голема брзина поминал џип "шевролет" со странски регистарски таблички, управуван од И.Л. и се обидел да ги удри.Потоа, според пријавеното, Ф.Ж. управувајќи го своето патничко возило "голф" на кружниот тек на ул. "Партизанска" бил пресретнат и запрен од И.Л. кој најпрво започнал да упатува навредливи зборови кон Ф.Ж. и почнал да удира по неговото возило по што настанала меѓусебна физичка пресметка. Увид на лице место извршиле полициски службеници од ПС-Струга и НККР-Струга, И.Л. е лишен од слобода и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 25.04. околу 12,55 часот во Единицата за известување и команда Скопје бил пријавен пожар на куќа лоцирана на ул. "Мирче Мацан".Пожарот е изгаснат од страна на екипа од БППЗ. Се работи на целосно расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет